МИСЛИ ОД ГОРАТА НА БЛАЖЕНСТВАТА (Елена Вајт)

Беседата на Гората е небесен благослов наменет за светот – глас од Божјиот престол. Таа им била дадена на луѓето за да им биде закон за должностите и светлина од Небото, надеж и утеха во очајот, радост и поткрепа на секој чекор и во сите животни околности. Овде Проповедникот над проповедниците, најголемиот Учител, ги изговорил зборовите со кои го вдахнал самиот небесен Татко да ни ги соопшти.

Блаженствата претставуваат Христов поздрав, не само до оние што веруваат туку до целото човечко семејство.

Како за миг да заборавил дека се наоѓа на овој свет, а не на Небото; им се обратил на присутните со поздрав вообичаен во светот на светлината. Благословите се излеваат од Неговите усни како надојдена и долго задржувана животворна река.

Христос не нè остава во заблуда во поглед на карактерните особини кои Тој секогаш ќе ги признае и благослови.

Заобиколувајќи ги славољубивите миленици на овој свет, се свртел кон отфрлените, нарекувајќи ги благословени сите оние кои ќе ја примат Неговата светлина и живот.

Сиромашните по дух, кротките, понизните, натажените, презрените и прогонетите Тој ги повикува во својата заштитничка прегратка, велејќи: „Дојдете кај Мене… и Јас ќе ве одморам“.

Гледајќи ја бедата на овој свет, Христос не мора ни најмалку да жали што го создал човекот. Во човечкото срце Тој гледа повеќе, а не само грев и беда. Во својата бесконечна мудрост и љубов, Тој ги гледа можностите на човекот и височините кои може да ги достигне. Иако човечките суштества ги злоупотребиле примените благослови и го уништиле од Бога дарованото достоинство, сепак Тој знае дека, со нивното откупување, Создателот ќе биде прославен. Зборовите коишто Христос ги изговорил на Гората на блаженствата, ќе ја сочуваат својата сила низ сите времиња.

Секоја мисла е бесценет камен од ризницата на вистината. Начелата изнесени во оваа проповед се однесуваат на луѓето од сите возрасти и слоеви. Со божествена сила Христос ја објавувал својата вера и надеж, истакнувајќи кои категории луѓе ќе примат благослов, бидејќи изградиле праведен карактер. Живеејќи со животот на

Животодавецот и верувајќи во Него, секој може да го достигне идеалот опишан во Неговата реч.